РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1971/2
07-09-2021 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошен текст ДКСК), на продолжението на 51-та седница одржана на 01.09.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-1971/1 од 15.05.2020 година доставена до ДКСК од непознат подносител **СЕ ОТФРЛА** од причина што пријавата не содржи наводи или укажувања за незаконитости или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност.

Предметот со број 12-1971/1 од 15.05.2020 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1971 е оформен врз основа на пријава број 12-1971/1 од 15.05.2020 поднесена од непознат подносител. Во пријавата се искажани сомневања за непочитување на Законот за јавните патишта во однос на изведба на работи во заштитен појас кој не е во рамки на ширината предвидени со член 40 од наведениот закон, односно дека се вршат работи во ширина помала од 20 метри од река Вардар. Понатаму во пријавата се презентира сопствено мислење за начинот на постапување на надлежни институции при донесувањето на сопствените акти поврзани со конкретната локација.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека поднесената пријава не содржи елементи за незаконски или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изготвил: Ј.Ц., раководител на одделение
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk